**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 02-1834/19
Датум: 21.8.2013 г.
С К О П Ј Е

Врз основа на член 45 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, Наставно-научниот совет, на седницата одржана на **21.8.2013** година донесе

# О Д Л У К А

за признавање на кредити на студиите од втор циклус

1. На студентите што завршиле додипломски студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје според старите наставни планови и програми во траење од девет семестри, при запишување на студии од втор циклус (магистерски студии), почнувајќи од учебната 2013/2014 година им се признаваат како положени испити од предмети што се еквивалентираат како изборни предмети со освоени кредити на вториот циклус на студии.

2. За признати и еквивалентирани предмети во смисла на точка 1 на оваа одлука се сметаат предметите што студентот ги положил на додипломските студии со еквивалентирана вредност максимум до 18 кредити.

3. Студентот што сака да се префрли од постдипломски студии на некоја од студиските програми на магистерски студии може да добие дополнителни 6 кредити под услов да положил најмалку еден предмет.

4. Студентот на кој му се признати определен број на кредити според основите утврдени со точките 2 и 3 на оваа одлука за да магистрира мора да ги запише и положи сите задолжителни предмети од студиската програма што ја запишал на втор циклус на студии.

5. Одлуката да се достави до: ННС, WEB страницата, продеканот за настава, секретарот, Службата за студентски прашања, општата служба и архивата на ФЕИТ.

Декан
Проф. д-р Миле Станковски